Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë
Број/Numër: 02-2504/5
Дата/Data: 24 12 18

Врз основа на член 19 точка 2 од Законот за јавни претпријатија (СВ 38/96 – 64/18) и член 26 став 1 алинеа 2 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило бр. 02-207/5 од 08.02.2016 г., Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило, на седницата одржана на ден 27.12.2018 г., донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување

### Член 1

УО ја разгледа содржината на Инвестиционата програма на ЈП "Паркови и зеленило" за.2019 година бр. 05-2893/1 од 25.12.2018 г.

### Член 2

Се усвојува Инвестиционата програма на ЈП "Паркови и зеленило" за.2019 година бр. 05-2893/1 од 25.12.2018 г.

### Член 3

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање на согласност од Совет на Град Скопје.

## Образложение

Согласно одредбите од член 19 т. 2 од Законот за јавните претпријатија (СВ.38/96 – 64/18), јавните претпријатија се должни годишно да изработуваат инвестициона програма која содржи податоци за планирани и реализирани инвестиции во претходната година, предвидени инвестиции за годината за која се однесува програмата, како и изворите на финансирање. Поради тоа изготвената инвестициона програма на претпријатието за 2019 година, директорот ја достави на управниот одбор на разгледување и усвојување. По нејзиното усвојување од управниот одбор програмата ќе се применува по добиена согласност од Советот на Град Скопје

Управниот одбор ја разгледа и донесе одлука како во диспозитивот.

**Доставено до:**
- архива
- стручни служби
- претс.на УО
- директор
- основач

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**ПРЕТСЕДАВАЧ НА УО,**

Даниела Николова